Универзитет Гоце Делчев

**Драги учесници,**

**Организациониот одбор на конгресот Ве информираат дека крајниот рок за поднесување на апстракти е *22.04.2018***

# ПРВ КОНГРЕС НА СТУДЕНТИ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА 2018

9-10 Мај

## Општи правила за изработка на труд

1. Авторите можат да пријават трудови за орална и постер презентација. Конечната презентација на изработениот труд ќе биде прегледана од научниот одбор на Конгресот.

2. Авторите можат да доставаат апстракти за оригинални студии или случаи. Нема да бидат прифатени прегледи на литература.

3. Апстрактите ќе бидат објавени во апстрактна книга.

4. Авторите можат да пријават повеќе трудови, орална презентација ќе биде возможна само на еден труд (на пример: 1 апстракт како презентер и 1 апстракт како ко-автор).

5. Сите апстракти треба да бидат подготвени на **Македонски јазик** и **Англиски јазик**.

6. Апстрактот не треба да биде подолг од **250** зборови.

7. Трудот треба да содржи неколку посебни делови:

7.1. **Наслов:** Насловот на трудот мора да содржи помалку од 10 зборови. Треба да ја изрази суштината на истражувањето.

7.2 **Вовед:** Без премногу опширни објаснувања, во неколку реченици да се објасни актуелноста на проблемот.

7.3. **Цел:** Целта е многу кратко опишување на целите и суштината на трудот.

7.4. **Материјали и методи:** Методите кои се користат во текот на истражувањето треба да бидат јасно наведени.

7.5. **Резултати:** Да бидат прикажани графички (табели, графици и сл.).

7.6. **Заклучок:** Да се интерпретираат неколку заклучоци од сопствените добиени резултати.

8. Апстрактот **не** треба да вклучува табели, графикони и сл.

9. Незавршени истражувања нема да се разгледуваат.

10. Трудот не смее да биде поднесен и прифатен на друг национален или меѓународен научен собир.

11. За изработка на трудот не треба да се користат информации од **Web** страни.

**Поднесување на Апстракт на:** abstract.skom.ugd@gmail.com